# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 22 | Петок , 07 декември 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| **171.** | **Одлука** за измена и дополнување - пренамена на Буџетот на општина Струмица за 2007 година ……………….. | 2 |
| **172.** | **Одлука** за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок број 5 во Струмица …………………………... | 3 |
| **173.** | **Одлука** за одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица ………………………………….. | 4 |
| **174.** | **Одлука** за измена на Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на Општина Струмица …………………….. | 5 |
| **175.** | **Правилник** за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Струмица … | 6 |
| **176.** | **Програма** за работата на Комисијата за полова рамноправност ……………… | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена и дополнување –пренамена на Буџетот на општина Струмица за 2007 година

1.Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 06.12.2007 година.

Број 08-5761/2
07.12.2007 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

**171.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 4 од Стаутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06-пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година донесе

**О д л у к а**
**за измена и дополнување-пренамена на Буџетот на општина Струмица за 2007 год**

Член 1

Во Буџетот на општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 22/06, 14/07 и 19/07) се врши измена и дополнување –пренамена во посебниот дел.

Член 2

Во Билансот на расходи во во потпрограмата N1 - Основно образование се врши пренамена на следниве потставки и тие се намалуват за:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N1 | 401130 | 555.000,00 |
| | | | 402110 | 414.000,00 |
| | | | 403110 | 900,00 |

**Во потпрограмата N1 - Основно образование** се врши пренамена на следниве потставки и тие се зголемуваат за :

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N1 | 421240 | 353.000,00 |
| | | | 425760 | 300.000,00 |

**Во потпрограмата N2 - Средно образование** се врши пренамена на следниве потставки и тие се зголемуваат за:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N2 | 401130 | 316.000,00 |
| | | | 403110 | 900,00 |
| | 787 | N2 | 402110 | 576,00 |
| | 787 | N2 | 403110 | 629,00 |

Во програмата N2 – Средно образование се врши намалување на следната потставка:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| | 787 | N2 | 401130 | 1.205,00 |

Во потпрограмата N1-Основно образование се зголемува следнава потставка:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N1 | 402110 | 10.000,00 |

Во потпрограмата N1-Основно образование се врши намалување на следнава потставка:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N1 | 421240 | 10.000,00 |

Во потпрограмата К2-Музичка и сценско-уметничка дејност се врши намалување на потставката:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | К2 | 421320 | 2.000,00 |
| **Вкупно** | | | | **2.000,00** |

Во потпрограмата К2-Музичка и сценско - уметничка дејност се врши зголемување на потставката:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | К2 | 402110 | 2.000,00 |
| **Вкупно** | | | | **2.000,00** |

Во Биланс на расходи во потпрограмата W0-Противпожарна заштита се врши намалување на следнава потставка:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | W0 | 401390 | 3.599,00 |
| | | | 402110 | 65.000,00 |

Ѓ

Во Програмата W0-Противпожарна заштита се врши зголемување на ставката:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | W0 | 403110 | 3.599,00 |
| | | | 401320 | 65.000,00 |

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-5761/1
06.12.2007 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Зоран Ристов с.р.

…………………………..……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок број 5 во Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок број 5 во Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 06.12.2007 година.

| | |
|---|---|
| Број 08-5768/2 | Градоначалник |
| 06.12.2007 год. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

………………………..

**172.**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок бр. 5 во Струмица**

Член 1

Се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Блок бр. 5 во Струмица со површина од 2,2 и граничниот опфат на запад по осовината на крак на ул. “Климент Охридски”, на север оди по граница на планскиот опфат на град Струмица и северната граница на КП број 6399/5, на југ по осовината на ул. “ Број 3” (По Генералниот план на град Струмица)и на исток по осовината на “Индустриска улица“како дел од “Индустриска зона Север”.

Член 2

Составен дел на ДУП за дел од Блок бр. 5 во Струмица се :

-Записник од спроведување на јавната анкета и јабвната расправа по Нацрт-Деталниот урбанистички планот на дел од Блок бр. 5 во Струмица ;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски , Сектор за уредување на просторот бр.16-13734 од 23.11.2007 година ;

Комплетниот примерок од Планот е изработен од ДОО “ Урбан “ Штип и содржи :

-текстуален дел

-графички приказ на планските решенија на опфатот

-билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 3

ДУП за дел од Блок бр.5 во Струмица ќе се завери во седум примероци со потпис на Претседателот на Советот и печат на Совет на општина Струмица.

Член 4

ДУП за дел од Блок бр . 5 во Струмица ќе се достави до :

-еден примерок во Архивата на општина Струмица

-еден примерок во Секторот за урбанизам , комунални работи заштита на животната средина и ЛЕР

-еден примерок во надлежниот Државен архив

-еден примерок во Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски

-еден примерок во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

-еден примерок во Државниот завод за геодетски работи

-еден примерок се изложува заради достапност на јавноста.

Член 5

Советот на општина Струмица во рок од 30 дена од донесувањето на Планот треба да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон кои се предаваат во Државниот завод за геодетски работи на чување и користење како подлога за издавање на нумерички податоци.

Член 6

ДУП за дел од Блок бр.5 во Струмица ќе го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР при ОпштинаСтрумица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица “.

Бр. 07-5768/1Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта(8+1) во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 06.12.2007 година.

Број 08-5763/2 Градоначалник
07.12.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
………………….

## 173.

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 7 од Законот за превоз во патниот сообраќај (“Сл. весник на РМ” број 68/04 и 127/06) член 39 од Одлуката за општинскиот превоз на патници на подрачјето на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 10/07) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмиа**

Член 1

Со оваа Одлука се одредуваат релациите на местата на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) во опшинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица.

Член 2

Линија во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица е одредена релација и правец на возење од почетната до крајната автобуска станица или стојалиште на која се превезуваат патници во општинскиот линиски превоз, согласно со однапред утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

Релација на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица е оддалеченост меѓу било кои две места на подрачјето на општина Струмица утврдените линии во општинскиот линиски превоз на патници, наведени во возниот ред како станица или постојка.

Член 3

Во општинскиот линиски превоз на патници за подрачјето на општина Струмица како релации на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1), се
одредуваат следните релации:

1. Струмица – Дабиле
2. Дабиле – Струмица
3. Струмица – Муртино
4. Муртино – Струмица
5. Струмица – Банско
6. Банско – Струмица
7. Дабиле – Муртино
8. Муртино – Дабиле
9. Дабиле – Банско
10. Банско Дабиле
11. Дабиле – Габрово
12. Муртино – Банско
13. Банско – Муртино
14. Муртино – Габрово
15. Габрово – Муртино
16. Струмица – Куклиш
17. Куклиш - Струмица
18. Куклиш - Свидовица

19. Свидовица – Куклиш
20. Струмица – Попчево
21. Попчево – Струмица
22. Струмица – Вељуса
23. Вељуса – Струмица.

Член 4

За општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, за превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) ќе се применуваат одредбите на Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5763/1 Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 06.12.2007 година.

Број 08-5766/2 Градоначалник
07.12.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**174.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06) – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена на Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на Општина Струмица**

Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општина Струмица ( „Сл. гласник на општина Струмица" бр. 7/05) во член 3 став 2 зборовите „1 Евро" се заменуват со зборовите " 0,5 Евра".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-5766/1 Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Струмица

1. Се објавува Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Струмица, донесен на седницата

на Советот на општина Струмица, одржана на 06.12.2007 година.

Број 08-5765/2 Градоначалник
07.12.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**175.**

Врз основа на член 36 и 67 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/07 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година, донесе

**П р а в и л н и к**
**за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Струмица**

**I.Општи одредби**

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот за издавање под закуп на слободен деловен простор во сопственост на Општина Струмица.

Член 2

Деловниот простор од член 1 на овој Правилник може да се издава под закуп на домашни и странски правни и физички лица заради вршење на стопанска и друга дејност под услови пропишани со закон и овој Правилник.

Член 3

Деловниот простор се издава под закуп на определено време. Деловниот простор не може да се издава во подзакуп.

Член 4

Износот на почетната закупнина се определува со Одлука за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општина Струмица.

Член 5

Висината на закупнината како и другите услови за закупот, поконкретно се утврдуваат со договорот за закуп што го склучува Општината како закуподавач и закупец.

**II. Комисија за издавање на деловен простор**

Член 6

Постапката за издавање на деловен простор под закуп ја спроведува Комисијата за издавање на деловен простор под закуп (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата од претходниот став:

- распишува оглас за издавање на деловен простор под закуп;
- ги утврдува условите за издавање на деловен простор под закуп;
- ги утврдува условите за издавање на деловен простор под закуп согласно со одредбите на овој Правилник;
- утврдува најповолна понуда;
- доставува предлог до градоначалникот за издавање на деловен простор под закуп.

Член 7

Комисијата е составена од претседател и два члена.

Комисијата ја формира градоначалникот на општината со мандат од четири години.

Заради обезбедување непосреден надзор и јавност на начинот и текот на постапката за издавање на деловниот простор, во работата на Комисијата учествуваат, без право на одлучување и тројца членови на Советот на општината, што ќе ги определи Советот.

Член 8

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претседтелот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник, што го потпишуваат присутните членови на Комисијата.

**III. Начин и постапка за издавање на деловен простор**

Член 9

Издавање на деловен простор под закуп се врши по пат на прибирање на затворени писмени понуди преку јавен оглас.

За издавање на деловен простор кој е на користење на Урбаните и месните заедници,претходно треба да има одлука од Советот на месната, односно урбаната заедница.

Член 10

Огласот за издавање на деловен простор под закуп се објавува во средствата за јавно информирање.

Огласот за издавање на деловен простор под закуп трае најмалку седум дена од денот на неговото објавување.

Член 11

Огласот за издавање под закуп на деловен простор особено содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува;
- местоположба и површина на деловниот простор;
- намената на деловниот простор;
- почетна вкупна месечна закупнина изразена во денари;
- начинот на плаќање на закупнината;
- напомена дека деловнот простор се издава во видена состојба;
- напомена дека висината на закупнината е променлива, согласно Одлуката на Советот.
- рок на траење на огласот;
- начин на пријавување на огласот; и
- критериуми за избор на најповолен понудувач.

Член 12

Кандидатите на јавниот оглас треба кон понудата да достават и:

- доказ за идентитет (лична карта или патна исправа) – за физички лица, односно извод од регистрација на правни лица;
- уверение од надлежен суд дека не е под стечај во оригинал или заверена копија кај нотар и не постара од 6 месеци;
- документ за бонитет од Централниот регистар, во оригинал или копија заверена кај нотар и не постар од 6 месеци;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, оригинал или копија заверена кај нотар и не постара од 6 месеци; и
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот.

Член 13

Доставувањето на понудите се врши преку пошта или со доставување во архивата на Општина Струмица.

Понудите и документацијата се доставуваат во затворен плик, со ознака “не отварај” и со назнака “за оглас за издавање деловен простор под закуп” и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот.

Понудата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

Член 14

Пристигнатите понуди се отвараат без присуство на понудувачите. Некомплетните и неблаговремени понуди Комисијата нема да ги разгледува.

Член 15

Деловниот простор се доделува на најповолниот понудувач. Како најповолен понудувач се смета лице кое ќе понуди највисока закупнина, а која е најмалку еднаква на почетната закупнина.

Не се смета за најповолна и нема да биде прифатена понудата на понудувачот кој е, или бил, закупец на деловен простор со кој управува општина Струмица, а кој должи закупнина.

Доколку се добијат две или повеќе понуди на еднаков износ, ќе се спроведе дополнително меѓусебно лицитирање само

за тие понудувачи, во рок определен од Комисијата.

Член 16

Комисијата изготвува ранг листа на пријавените учесници според утврдените критериуми и ја доставува до понудувачите.

Против ранг – листата, незадоволниот учесник на огласот може да поднесе писмен приговор во рок од осум дена од денот на известувањето.

По приговорот одлучува градоначалникот.

Член 17

Договорот за закуп се склучува во рок од осум дена од конечноста на одлуката за усвојување на ранг – листата.

Доколку во рок од осум дена по известувањето за конечноста на одлуката учесникот на кого му е доделен деловниот простор не се јави во општина Струмица за склучување на договор за закуп, ќе се смета дека се откажал од доделениот деловен простор и општина Струмица може да склучи договор за закуп со наредниот понудувач од ранг – листата.

Во случај од став 2 на овој член, на учесникот најповолен понудувач, не му се враќаат депонираните средства за учество на огласот.

На останатите учесници на огласот им се враќаат депонираните средства во рок од 8 дена од денот на конечноста на одлуката.

Член 18

Ако на огласот за издавање на деловен простор под закуп не се јават заинтересирани лица, се распишува повторен оглас.

Во повторниот оглас почетната закупнина се определува во износ понизок најмалку до 30% од претходниот оглас.

Ако и на повторниот оглас не се јават учесници, деловниот простор може да се издаде по закуп со непосреден договор помеѓу општината и заинтересирано лице.

Член 19

Во случај на смрт или траен инвалидитет на закупопримачот, општината може без јавно огласување да го продолжи договорот за закуп со член на неговото потесно семејство, под услов да достави барање за тоа и ги прифати условите утврдени во договорот за закуп.

Како членови на потесното семејство се сметаат брачниот другар и полнолетните деца на закупопримачот.

## IV. Преодни и завршни одредби

Член 20

Комисијата ќе изврши проверка и усогласување на закупнината на постојните договори за закуп во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој Правилник.

Склучените договори за закуп на определено време престануваат со истекот на рокот за кој се склучени.

Склучените договори за закуп на неопределено време престануваат да важат во рок од шест месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на овој Правилник, за што закупниците благовремено ќе се известат.

Член 21

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица.

Бр. 07-5765/1 Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……..………..

**177.**

Врз основа на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Сл. весник на РМ” број 66/06) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 06.12.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за работата на Комисијата за полова рамноправност**

Комисијата за полова рамноправност, функционира како постојано работно тело на Советот на општина Струмица (во понатамошниот текст Комисија).

Комисијата е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво.

**Општа цел:**

- Да промовира и поддржува приод кој води сметка за родовата димензија и сензитивност во процесот на донесување на одлуки;
- да влијае кон прогресот на родовата еднаквост во локалната заедница;
- да ги поттикнува еднаквите можности за учество во јавниот и политичкиот живот на сите членови во заедницата, како значаен аспект за развојот на граѓанското општество;
- да создава институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот.

**Посебни цели:**

- Градење стратегија за зголемување на влијанието во однос на позицијата на жените и родовата еднаквост;
- поместување во разбирањето на проблемот;
- промена на нееднаквостите меѓу мажите и жените во социјалните структури и процесите преку промени во ресурсите, можностите и одлучувањето.

**Задачи:**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

Припадниците на обата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, економски и социјални сфери.

**Област на делување:**

1.Активна политика на пазарот на работна сила;
2.Жениите и социјалната политика;
3.Здравство;
4.Образование;
5.Семејно насилство;
6.Животна средина;
7.Медиумска афирмација.

**Форма и облици на реализација на активностите:**

- Јавни дискусии;
- тркалезни маси;
- идивидуални иницијативи;
- апели;
- лобирање и креативни притисоци;
- организирање дебати за определени прашања;
- форуми;
- работилници;
- семинари;
- организирање јавни расправи по определени прашања;
- иницирање измени на законски акти
- кампањи;
- влијание врз пратениците;
- формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување;
- воспоставување партнерство со бизнис секторот;
- информирање на граѓаните;
- медиумска афирмација;
- печатен материјал;
- радио и телевизиски промоции.

**1. Активна политика на пазарот на работна сила:**

- Воведување мерки за поттикнување на жените на работни места сообразно на нивното образование;
- мерки за спречување на дискриминација по основ на возраст на жените при вработување;
- законодавна заштита која штити од сексуални уцени, вознемирување и навреди на работно место;
- кредитирање на самовработување на жените под поволни услови, ниски каматни стапки и одложено плаќање на долгот;
- организирано ослободување на жените за работа со современа технологија.

Женската невработеност, работата на црно, ниското вреднување на трудот се фактори кои ја принудуваат жената да врши повеќе работи, а придонесуваат на општата состојба во националната економија.

Доминантни професионални интересни подрачја во кои жените имаат афинитети (домашни ракотворби, малопродажба, образовни активности, активности кои можат да се извршуваат дома).

**2. Жените и социјалната политика:**

- Вклучување во грижата за ранливи групи;
- едукација на жените од рурални средини за правата што ги поседува;
- посебни програми за жените кои ги изгубиле работните места;
- зголемување на продуктивниот капацитет преку полесен пристап на капиталот, кредитите, земјиштето.

Преземените активности со оваа Програма ќе придонесат за намалување на невработеноста на женската популација посебна грижа за руралната жена, поголемо ангажирање во локалната заедница и невладините организации.

Соработка со СОЖМ и Министерството за труд и социјална политика – Одделение за унапредување на рамноправност на половите.

**3. Здравство:**

- Да се зголеми пристапот на жените во текот на целиот животен циклус до соодветни, достапни и квалитетни здравствено заштитни информтивни и други служби;
- да се зајакнат превентивните програми со кои се унапредува здравјето на луѓето.

Програмата ќе придонесе да се зголеми информираноста на жените и воопшто на населението до соодветна и квалитетна здравствена заштита.

**4.Образование:**

- Развивање на соработка со педагошко – психолошките служби во основните и средните училишта во општината;
- воведување на начела за ненасилна комуникација и мирно разрешување на конфликтите во основните и средните училишта;
- ангажирање на помладите членови на семејството во рушењето на предрасудите, заблудите и стереотипите (немање слобода на искажување на мислата, економска зависност и отсуство на културен живот);
- современи модели на предучилишни институции (градинки, игротеки).

Развој, едукација, тренинг и политика на прекфалификација, особено за млади жени и оние кои повторно влегуваат на пазарот на труд заради адаптирање на променливиот социоекономски амбиент и вработување.

Опфаќање на што е можно повеќе деца во предучилишни установи, елиминирање на половата дискриминација во образованието, поголем пристап на жените до стручната обука и технологија.

**5.Семејно насилство:**

- Промовирање самопочит, почит и соработка меѓу жените и мажите во процесот на социјализацијата (во семејството, училиштето и во пишироката заедница);
- ширење на СОС мрежата;
- мобилизирање групи – сојузници за борба против половото насилство;
- преземање мерки за превенција на насилството врз жената и различни типови на насилство.

**6. Животна средина:**

- Вклучување на жената како рамноправен субјект во одлучувањето за заштитата на животната средина;
- конкретни акции за разрешување на дел од еколошките проблеми.

**7. Медиумска афирмација:**

- Промовирање на целта на Комисијата за полова рамноправност;
- постојан проток на инфорамции од меѓународните организации и агенции;
- објавување и ширење на информации поврзани со рамноправноста на половите;
- изготвување на специјални изданија и нивна дистрибуција;
- поддршка од медиумите во промоцијата на родовата рамноправност како приоритет за зголемено учество на жената во креирањето на медиумската политика.

8. Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-5764/1 Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.